Врз основа на член 27 точка 4 од Статутот на Рудници Бањани АД Скопје, а во согласност со член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговски друштва, Собранието на Акционери на Рудници Бањани АД Скопје, на седницата одржана на ден 16.12.2025 година ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г  О Д Л У К А**
**За исплата на дивиденда**

**Член 1**

Одборот на директори донесе предлог одлука за исплата на дивиденда во висина од 30 денари по акција во бруто износ.

Се предлага буџетот за исплата на дивиденда да биде од неискористениот дел од добивката остварена во 2022 година која во 2023 година се распредели за инвестициони вложувања. Износ од кој се издвојува за распределба на дивиденда е 2.123.021,00 денари.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со денот на донесување

**Претседавач**
**на Собрание на акционери**
**на Рудници Бањани АД Скопје**

# ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР

1. Датум на одржување на собранието 16.12.2025 година.

2. Датум на пресек на акционерска книга е 31.12.2025 година (по 11 часот).

3. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 29.12.2025 година

4. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 30.12.2025 година.

5.Исплата на дивиденда во бруто износ од 30 денари за 1(една) акција.

6.Испатата ке биде во готово на трансакциски сметки, а ќе започне од 02.01.2026 година.

Рудници Бањани АД Скопје

Врз основа на член 27, точка 4 од Статутот на Рудници „Бањани“ АД Скопје, Собранието на акционери на Рудници „Бањани“ АД Скопје, на седницата одржана на ден 16.12.2025 година, ја донесе:

**ПРЕДЛОГ О Д Л У К А**

**за избор на членови на Одбор на директори**

За членови на Одборот на директори на Рудници „Бањани“ АД Скопје се предлагаат:

**1. Божо Рајчиќ**
Роден 1947 година; машки пол; ВСС; пензионер. Од 1971 година работи во РЖ Скопје – „Делентазизација“, а од 01.08.1977 до 30.03.1991 година во РЖ Скопје – ООЗТ Рудник „Бањани“. Од 31.03.1991 до 27.11.1997 година работи во РЖ Скопје – „Бањани“ ДОО-ЦО, а од основањето на Рудници „Бањани“ АД Скопје на 28.11.1997 година е во постојан работен ангажман. Сопственик е на 16.379 акции (25%).

**2. Аница Пецевска Рајчиќ**
Родена 1959 година; женски пол; ВСС; 39 години работен стаж. 9 години работи како дипломиран педагог, а 19 години како Директор на приватна фирма. Од 2006 година до 2012 година како Претседател на Одборот на директори во Рудници Бањани АД Скопје, а од 2012 година е во редовен работен однос како Прв генерален директор. Сопственик е на 16.374 акции (25%).

**3. Олга Рајчиќ**
Родена 1993 , женски пол,Вработена во Рудници „Бањани“ АД Скопје 5 години на позицијата човечки ресурси, со одговорност за имплементација на системите за квалитет ISO 9001 и ISO 14001, оптимизација на производните и административните процеси и унапредување на организациската структура, а 3 години на позицијата втор генерален директор. Паралелно работи како бизнис консултант за развој на софтверски решенија со примена на вештачка интелигенција, со фокус на дигитална трансформација и автоматизација.
Воедно е и хонорарен професор по предметите „Претприемништво и иновации“ и „Финансиски вештини“, каде предава практични методологии за развој на бизнис модели, иновации и финансиска писменост.

Завршено образование:
- Магистер по човечки ресурси – University of Sheffield
- Дипломски студии – Cardiff Metropolitan University
- Програми за лидерство, комуникации и претприемништво: ДОБА Љубљана, IEDC Bled, Leeds University Business School, Bristol Business School
- Fellow на Young Transatlantic Innovation Leaders Initiative (YTILI – САД)

**4. Тони Видин**

Роден 1987, машки пол, средно стручно образование машински техничар и средно стручно образование рударски техничар. Поседува целосна професионална квалификација и сертификати за управување со сите градежни машини и механизација во компанијата.

Работното искуство го стекнува од 2008 година, најпрво во „Макстил“ АД – Скопје, а во Рудници „Бањани“ АД Скопје започнува со работа во 2010 година каде континуирано напредува во работата со тешка механизација, рударска опрема и изведба на оперативни процеси. Со своето повеќегодишно искуство развива висока стручност во ракување, одржување и координација на градежни и рударски машини, со значаен придонес во континуитетот на производството.

**5. Никола Стевановски**

Роден 1985, машки пол, завршено високо образование – Стоматолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со стекнато звање дипломиран доктор по стоматологија. Дополнително има завршено средно стручно образование машински техничар.

Работно искуство стекнува од 2008 година во различни компании, меѓу кои: „Политехна“, ПДМП „Напредок“ – Пехчево, „Бегова корнија“ ДОО – Скопје, „ГО-Да Компани“ ДОО – Скопје. Во Рудници „Бањани“ АД Скопје е вработен од 2021 година.

Во сите организации бил ангажиран на позицијата комерцијалист, со одговорности за продажба, набавки, комуникација со клиенти, следење на побарувачка и логистичка координација.

Стекнатото искуство му овозможува силни организациски, преговарачки и оперативни вештини кои се значајни за работењето на компанијата. Моментална работна позиција му е раководител на сепарација.

Претседавач на собрание на акционери
на Рудници Бањани АД с. Кучевиште Скопје